Бр./Nr 12-2506/1
23-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-3283/1 од 18.12.2025 година, поднесена против лицето ----, директор на Државното --- училиште – ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Предметот со бр. 12-3283/1 од 18.12.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 18.12.2025 година, поднесена е пријава против лицето ----, директор на Државното ---- училиште – ----, и оформен е предмет бр. 12-3283/1 од 18.12.2025 година.
Во пријавата подносителот навел дека на ден ---- г., во просториите на КИЦ ----, ученици од наведеното училиште биле ангажирани да настапуваат на прослава и коктел организиран од ---- амбасада, по директен налог на директорката.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Подносителот дополнил дека настапот бил реализиран во име на училиштето, со користење ученици и јавни ресурси, а за извршениот ангажман била понудена парична сума 80.000 денари. Според подносителот, средствата не биле уплатени на сметка на Државното ---- училиште - ----, ниту биле заведени како приход согласно прописите за финансиско работење на јавни установи, а не било познато на која сметка бил уплатен износот.

ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Ова од причина што од наводите во пријавата не се наведува од каква природа била манифестацијата, односно согласно законската регулатива нема законски ограничувања за учество на ученици на вонучилишни манифестации коишто не се од верски и политички карактер. Исто така наводите во однос на спорната парична сума и каде истата наводно била уплатена за учество на учениците во манифестацијата, не се конкретизирани, поради што не постои можност за проверка на наводите.

Дополнително, ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК